јуни 2010 Бр. 7

ТИКВЕШ

# Веритас

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАТЕЛИТЕ НА ВИНАТА НА ТИКВЕШ**



## Шампионски пехар и златни медали за нашите вина

## Професионални обуки за унапредување на винската култура

## Неповторливо уживање со многу здравици

## Гламурозен настан во стилот на „Тиквеш“

## „БАРОВО - МУСКАТ ОТОНЕЛ“ - Голтка бегство од реалноста

## АТРАКТИВНАТА ХРВАТСКА ЅВЕЗДА СЕ ВЉУБИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЦРВЕНО ВИНО



Северина ги потопи љубовните јадови во виното на „Тиквеш“, Alexandria Cuvée, во најновиот видеоспот за песната Лола. Атрактивната хрватска ѕвезда и ексклузивното македонско црвено вино „се сретнаа“ во емоциите на страсната видеоприказна за несреќно вљубената Лола, која се снимаше на локации во Белград и во Подгорица. Северина уште еднаш покажа дека е одлична глумица, доловувајќи ги емотивните доживувања на една преубава страствена жена.

*Шампионските пехари и златните медали, што нашите производи ги освојуваат на престижните вински манифестации, се доказ дека континуирано го одржуваме и надградуваме нашиот квалитет. Наградите и признанијата се круна, но и обврска да продолжиме по патот на успехот, вложувајќи во нашите производи.*

*Во летниот период љубителите на нашите врвни вина ќе може да уживаат во префинетиот и единствен вкус на новиот „Мускат Отонел". Ова врвно вино потекнува од чудесното Барово, место кое за многумина е рај на земјава. За оние коишто сакаат многу здравици и семејни веселби, „Тиквеш" го лансираше новиот производ „Bag in box" во две варијанти, бело и црвено тиквешко вино.*

*Нашата винарница продолжува да ги поддржува уникатните и гламурозни нешта, настаните вредни за паметење.*

*Драги читатели, со автентичните и уникатни вкусови на нашите нови вина, наздравуваме во Ваша чест!*

# НОВОСАДСКИ САЕМ

## Шампионски пехар и златни медали за нашите вина




Нашата винарница ја продолжи традицијата на успешно претставување на најголемиот саем за земјоделство во овој дел од Европа, кој по 77-ми пат се одржа во Нови Сад.

За високиот квалитет на нашите вина го добивме сребрениот шампионски пехар, а тие поединечно освоија голем број медали. Вината Шардоне, Траминец и Вранец од серијата Special Selection и Шардоне од екстра популарната ограничена серија врвни вина Limited edition, се закитија со златни медали за својот висок квалитет.

Истовремено, на оваа саемска манифестација во голем златен сјај блесна и лозовата жолта ракија на „Тиквеш" со ознака VS – very special, произведена на традиционален начин и „созреана" во дабови буриња.

Нашата винарница традиционално е присутна со свои производи на Новосадскиот саем за земјоделство. Само во изминатите 5 години, квалитетот на виното и ракијата на „Тиквеш" на овој саем е награден со 50-ина високи одликувања - шампионски пехари, златни и сребрени медали.

Покрај овие високи награди за квалитет, вината на ВВ „Тиквеш" секоја година се наградувани и од најпрестижните светски манифестации како што се: London International Wine Competition – Велика Британија, SIAL - Франција и MunsusVini – Германија.



Успехот на Новосадскиот саем го прославивме со нашите пријатели, соработници и партнери од Војводина. Забавата по овој повод се одржа во клубот „Музеј" на Петроварадинската тврдина во Нови Сад. Гостите уживаа во вкусот на наградените вина, нашата жолта ракија и атрактивната забавна програма што за нив ја подготви „Тиквеш". Меѓу останатите, со своето присуство нè почести и министерот за земјоделство на Србија.

На оваа забава ѝ претходеше друга дружба со нашите пријатели од Србија. Група соработници и претставници на неколку медиуми во Србија од 16-18 април беа во посета на нашата винарница и Охрид уживајќи во најдоброто македонско вино и традиционалното македонско гостопримство.

## Професионални обуки за унапредување на винската култура

Наша долгорочна определба е да ја унапредуваме винската култура во Македонија. Релевантните угостителски објекти се наши значајни партнери во остварувањето на оваа цел. Од исклучителна важност во тој сегмент е развојот на стандардите и професионални обуки на вработените во угостителството. Во таа насока, уште од почетокот на годината, во континуитет, организиравме неколку сомелиерски обуки почнувајќи со двете обуки организирани во М6 едукативниот центар во Скопје на почетокот на годината, па обуката која во мај годинава се одржа во хотел „Оаза" во Штип и последната, во јуни, организирана во хотел „Капри" во Битола. Овластен обучувач на овие обуки беше Игор Лукович.

# BAG IN BOX

## Неповторливо уживање со многу здравици




Продолжуваме со нашата определба секогаш да бидеме први на пазарот задоволувајќи ги различните потреби на нашите консументи и доближувајќи го магичниот пијалак до нив на начин кој целосно ќе ги освои. Еден од нашите најнови производи е неповторливо уживање за многу генерации, идеален за пиење во различни пригоди – прослави, семејни веселби, во кафеани и ресторани, секогаш кога сме со добро, големо друштво. Иновативното пакување во таканаречената „Bag in box" амбалажа од 3 литри овозможува многу здравици секаде каде што се точи вино во чаша.

На пазарот се пласирани две варијанти на овој иновативен вински производ: „Тиквешко црвено" и „Тиквешко бело". Вината се добиени со блендирање, односно со мешање на различни видови грозје, со што се облагородува вкусот и се постигнува посакуваниот висок валитет. За производството на „Тиквешко бело" се користи мешавина на автохтоната сорта грозје смедеревка, како и на интернационалните сорти грозје р'кацители и ризлинг. За „Тиквешко црвено" е користен бленд на далеку позната автохтоната сорта грозје кратошија и проверената интернационална сорта мерло.

Новиот начин на пакување овозможува заштита од УВ-зраци и од оксидација, при што квалитетот на виното останува непроменет до 2 месеца од првото отворање што го прави исклучително практичен заради можноста за повторно користење на виното и по неговото отворање, а истовремено е ценовно прифатлив за најголемиот дел од потрошувачите.

Во последниве три месеци, секој викенд во поголемите маркети организираме промоции со можност за бесплатна дегустација и едуцирање на потрошувачите на местото на продажба за каков тип производ станува збор.

## Гламурозен настан во стилот на TIKVEŠ

„Тиквеш" секогаш се поврзува со модата, убавите жени и настаните вредни за паметење. Затоа ја поддржавме големата забава на „Fashion TV" што се одржа во април во дискотеката „Colosseum", настан на кој присуствуваше македонскиот џет-сет, јавни личности од шоу-бизнисот, спортисти, претставници на бизнис-елитата и на модниот свет. Гостите беа пречекани на гламурозен начин, со нашето пенливо вино Ергион како welcome drink. Во текот на вечерта се пиеја вината од линијата Alexandria Cuvée. Со исклучителен талент и сексапил, присутните ги забавуваа четирите атрактивни девојки од англискиот колектив „High on Heels", составен од вокалистка, виолинистка, перкусионистка и диџејка.








Barovo

## БАРОВО - МУСКАТ ОТОНЕЛ

# Голтка бегство од реалноста

Едно мало парче рај е „изворот“ на нашето најново вино „Мускат Отонел“. Во прегратките на гордиот Кожуф, тивко сокриено во превоите на високата планина, се наоѓа Барово. Запомнете го ова име, затоа што тоа е вашето тајно место, голтка бегство од реалноста, голтка од виножито на сензации – мириси и вкусови, што како стар живописец ќе ја наслика свежината на природата.

Барово е бисер на винските региони. Таму летата се долги, но свежи, воздухот е чист и лесно се дише. Свежината на високите планински врвови на Кожуф и топлите струи на Егејот во совршена рамнотежа се преточени во секоја голтка од ова вино, а староста на виновите насади од повеќе од 35 години дава исклучителна суровина за врвно вино.

Пријатните и нежни овошни и цветни мириси кои потсетуваат на грејпфрут, цитрусни овошја, роза и избалансирани вински киселини кои му даваат освежителен вкус на виното, ги чувствувате долго, долго потоа.

„Барово – Мускат Отонел“  е првото вино на „Тиквеш“ произведено од грозје одгледувано исклучиво на сопствени контролирани лозови насади.

Овој божествен вкус подарен од лозовите насади со карактеристично географско потекло, засега е достапен во ограничено количество од 13.000 шишиња во Македонија и во Србија.

